**20091573372**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 98 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/05, 29/2007, 88/2008 и 48/2009), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување на седница одржана на 02.12.2009 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ОД ПРИДОНЕСИТЕ УПЛАТЕНИ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Максималната висина на надоместокот од член 98 став (1) точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување за 2010 година изнесува 5,5% од уплатените придонеси.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2158/4
2 декември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Димовска,** с.р.